**З А П И С Н И К бр. 40**

Од одржаната 40-та редовна седница на Советот на општина Зрновци одржана на ден 13.11.2019 год. со почеток во 16:00 ч, во салата за состаноци во општината. Седницата започна со сите советници освен Јохан Ѓоргиев и Виктор Ангелов кој е во оставка.. Останати присутни:Методи Николов, Градоначалникот и Благој Данев.

На седницата беше предложен следниот:

**Предлог Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. **Одлука за измена и допуна на Буџетот на општина Зрновци**

Тек на седницата.

Претседателот ја отвори седницата и отвори дискусија по дневниот ред. Методи Николов предложи нова точка на дневен ред. Формирање на верификациона комисија и верификување на мандатот на новиот член на Советот на општина Зрновци. Дневниот ред со предложената нова точка беше ставен на гласање и изгласан со 7-ЗА гласа.

1. **Одлука за измена и допуна на Буџетот на општина Зрновци**

Претседателот отвори дискусија по точката и појасни дека промената се работи само за буџетот на ООУСиниша Стоилов поради потребата од зголемување на ставката за плати поради најновото покачување. Немаше дискусија и одлуката беше усвоена со 7-ЗА гласа.

2. **Формирање на верификациона комисија и верификување на мандатот на новиот член на Советот на општина Зрновци.**

Претседателот отвори дискисија. Методи Николов појасни дека поради оставката на советникот Виктор Ангелов изборната комисија се состанала и го доделила мандатот на новиот сосветник од листата на СДСМ, Арсова Александра. Беше формирана комисија во состав: Виктор Новков, Славчо Гиздовски и Дивна Веселинова. Комисијата се повлече ги разгледа документите и со сите присутни беше потврден мандатот на Александра Арсова. Потоа методи николов ја прочита оставката на Арсова Александра и се констатира дека оставката се прифаќа и се кажа дека ќе биде информирана изборната комисија за назначување на нов советник од листата.

Одлуката беше донесена со 7-За гласа.

Седницата заврши во 16:50

**Записничар**
**Благој Данев**

**Претседател на Совет на општина Зрновци**
**Владо Ристов**



Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)